ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15193/15 и 31/16) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Нацрт **Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола,** дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за организирање на:

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола**

Границата на Нацрт **Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола,** се движи: на северозапад по осовина на ул. Илинденска до пресечна со осовина на ул. Максим Горки, продолжува на североисток по осовина на ул. Максим Горки до пресечна точка со улица Иван Милутиновиќ, на југо исток по осовина на Иван Милутиновиќ до пресечна точка со осовина на ул. Едвард Кардељ, на југозапад по осовина на Едвард Кардељ до пресечна точка со осовина на ул. Илинденска каде завршува опфатот.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 1,6 ха.

Нацрт планот е утврден со Одлука на Советот на Општина Битола.

Повторната Јавна Презентација по Нацрт **Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола,** ќе се одржи на ден **06.05.2016 г. (петок) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.

Нацртот на **Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.05.2016 год. до 20.05.2016 год.

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, анкетните листови ги предаваат во архивата на Општина Битола каде добиваат деловоден број.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на Планот масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-642/3
26.04.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk